РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12 - 14/2
12.03. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,151/11, 123/12 и 15/13), Одборот за акредитација и евалуација на 17.седница одржана на 26.02.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усогласување и акредитација на студиската програма Ветеринарна медицина од прв и втор циклус интегрирани петиполгодишни студии на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1.Се акредитира студиската програма Ветеринарна медицина од прв и втор циклус петиполгодишни студии (330 ЕКТС) на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје усогласена со Законот за високото образование.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето

## Образложение

Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиската програма согласно измените од Законот за високото образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Универзитетски сенат, достави елаборати до Одборот за акредитација и евалуација на 24.01.2013 година.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 16. седница одржана на 24.01.2013 година, формира експертска комисија и врз основа на доставениот елаборат и извештај на експертската комисија на 17. седница одржана на 26.02.2013 година одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски